ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

# Маслената техника е високо калорична

Наташа Андонова дипломирала на ФЛУ во 1999, на отсекот сликарство и модно креирање. Изработува цртежи, костимографија, накит и почнува да ја истражува фотографијата. Најмногу ѝ лежат акварел, јаглен и пастелна техника; тие, пак, го потврдуваат нејзиниот сензибилитет. Слуша филмска музика; ги чита Кортасар и Фуентес; ја интересира психологија. Како асистент на костимографија, соработуваше со Георги Здравев и Зорица Т. Младеновиќ на театарската претстава *Бура* на Коле Ангеловски и за ТВ спотот на Милчо Манчевски *За наше добро, направено во Македонија.*

Што е она што би можело да се извлече од горенаведениот вовед, во комбинација со една посветеност во разгледувањето на нејзината креативност преку оригиналите?

Прво согледување е фасцинантното постигнување атмосфера и структура во цртежите со јаглен, третиран како акварел. (Еден подобар Белогаски во жена и влијание од јапонските медитативни хаику пејзажи). Стилизираноста на пејзажите е постигната со леснотија на графика во стрип. Ефектот на наводно фатен миг е речиси фотографски. Сенсот за широк и општ план или асиметрично кадрирање од аспект на еден издвоен елемент, на пример: природа видена од дрво поставено во прв план, ја вметнуваат во сферата на story-board.

Овие цртежи можат да бидат и илустрација на едно поетско расположение и синестезија:

Бегство во природата - стара романтичарска постапка; да бидеш сконцентриран само на тишината или да станеш едно со звукот на ветрот, потреба да се биде сам и да се биде изолиран под дејство на илузијата.

Знакот на еротиката го среќаваме во љубовните актови, споени во страсни и речиси потресни од идеализираност прегратки. Во новата серија на минијатури, претставени се млади девојки, во костимирана облека, со разголени гради и нозе. Кои мечтаат по љубовник или заспале во блажен сон, во кој се појавува убав маж, кој ги опсипува со емоции и комплименти. Правејќи од нив идеал. Иако премногу декоративни и допадливи, минијатурите укажуваат на една безгрижност кај авторката, во однос на трендовите и современите медиуми и содржини.







И, конечно, стигнавме до нејзината костимографија, во која чувството за боја е најизразито. Повторно доминираат женственоста, супериорната феминизираност, супер згодните фигури и речиси андрогините мажи, со модерни фризури и изглед на принц. Хедонистичка и препотентна сексипилност. А, сексуалноста на нивните здрави коски и цврсти меса ја акцентираат софистицирано сместените и осмислените детали. Многу креативни податоци го потврдуваат нејзиниот талент; од свилата да измисли форми со леснотија на облак или од животинска кожа да смисли еластична облека, која заводливо ги истакнува торзото и екстремитетите. Вметнувајќи ги карактеристиките на мртвото животно. (Тром како свиња, мил како теле, а плоден како крава! - Наташа не се лути на малку еко шега и театралност).

Жените се стандардно (а сепак сугестивно) пасивни. Некогаш неподносливо обележани од својот елемент (на пример: жените на Ив Сен Лорен). Или, Ориентот како инспирација, кој нè потсетува на стариот модел на мистична и недостижна жена; беспрекорност, што е контра на нејзината природност и непосредност.

Што би рекле „Death in Vegas" - Aisha I`m a murderer.

Иванка АПОСТОЛОВА

1296, 12.4.00